*МАКЕДОНЦИТЕ ВО ПРЕКУОКЕАНСКИТЕ ЗЕМЈИ,* М-р Зоран Матевски, *„Бастрејд", Скопје, 1995*

Кога се говори за иселеништвото во досегашниот период, за неговото проучување од социолошки аспект јасно е дека беше недоволно проучувано и поради тоа можеби е предизвик повеќе да се откријат мотивите и причините на луѓето што се решаваат да заминат илјадници километри од својот роден дом. За социолозите оваа појава не е само рефлекс на состојбата на меѓународниот продор на работната сила, туку има длабоки директни и индиректни импликации. Кога се говори за иселувањето од Македонија карактеристично е дека тоа е претежно економско движење надвор од родното место, а основната разлика што се јавува меѓу македонската економска емиграција и другите европски емиграции се состои во тоа што од Македонија не одат да бараат работа само невработените и земјоделците од пасивните краишта, туку и селското население од плодородните подрачја, како и лица кои веќе биле во работен однос. Авторот на книгата, повикувајќи се на податокот на д-р Иван Катарџиев, подвлекува дека македонското иселеништво во прекуокеанските земји достигнува бројка од околу 500.000 луѓе и подвлекува дека еден од најсуштествените проблеми што треба да се истражуваат се причините за иселување. Исто така, го утврдува поимот иселеник и иселеништво, а кога говори за мотивите разликува прогресивни социјални мотиви и мотиви што го отежнуваат општественото живеење. Во овој поглед како најзначајни социјални мотиви ги истакнува мотивите за моќ, за престиж, за успех, за стекнување имот, за сигурност, а особено значајни се социјалните мотиви за обезбедување на личната егзистенција и афирмација.

Авторот на книгата „Македонците во прекуокеанските земји" не пропушта да ги опише во своите карактеристики и прекуокеанските земји како имиграциони подрачја и односот на властите кон иселениците, а во тој контекст и кон Македонците. Што се однесува до населението од Македонија што заминува во прекуокеанските земји, тоа е најкарактеристично во реоните на Битолската, Охридската, Ресенската, Струшката и Тетовската општина. И како што претходно истакнавме дека иселеништвото е економско движење, авторот, исто така подвлекува дека

поимот иселеништво се надоврзува на поимот печалбарство, што во пошироката смисла на зборот значи човек кој макотрпно штеди. Основната цел на ова движење е да се најде работа, да се обезбеди како сопствената, така и егзистенцијата на оние што чекале во родниот крај. Зоран Матевски не пропушта да ги анализира индивидуалните и политичките мотиви за иселувањето, а тоа особено е карактеристично по Втората светска војна, по поразот на Демократската армија на Грција кога голем дел од македонското население од страв од репресалии бега во источноевропските земји, од каде што благодарение на своите блиски заминува за Австралија и Канада.

За тоа како живеат Македонците во прекуокеанските земји, авторот истакнува дека тоа го прават во етнички чисти заедници, кои им помагаат на иселениците полесно да ги совладаат проблемите на адаптација и акултурација во новите општествени средини. Прашањето што Зоран Матевски го поставува на крајот од оваа студија и за кое е потребен одговор се сведува на тоа како понатаму ќе се развива процесот на иселување на Македонците во прекуокеанските земји. Во секој случај, оваа студија само ја подотвори вратата за нови социолошки истражувања на иселеништвото како појава.

**Славе Младеновски**